ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2020 ГОДИНА НА
# УНИВЕРЗИТЕТ “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
# ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ - СКОПЈЕ

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (603)

01 2021 05 02/1

Скопје, јануари 2022 година

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 18 |
| Финансиски извештаи | |
| Биланс на приходи и расходи | 19 |
| Биланс на состојба | 20 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 21 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 22 - 25 |
| - Сметководствени политики | 26 - 28 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 28 - 31 |
| Прилози | |
| Прилог 1 - Утврдени разлики по позиции помеѓу податоците во Бруто билансот и Билансот на состојба на ден 31 декември 2020 година | |
| Прилог 2 – Забелешки кон Нацрт извештај | |
| Прилог 3 – Одговор на забелешки на Нацрт извештај | |

Кратенки користени во извештајот:

Факултетот – Факултет за драмски уметности - Скопје
УКИМ – Универзитет Св. Кирил и Методиј
МОН – Министерство за образование и наука
ЗЈВФК – Закон за јавна внатрешна финансиска контрола
ДЗР – Државен завод за ревизија
РСМ – Република Северна Македонија
ЗЈН - Закон за јавни набавки
ЈН – Јавни набавки
Националниот совет – Национален совет за високо образование и научно-истражувачка дејност како самостоен стручен орган

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 23-145/1

Дата: 25.01.2022

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Факултет за драмски уметности – Скопје на сметката на основен буџет (603) за 2020 година.

Ревизијата се воздржува од давање мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2020 година, а за усогласеност на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива изрази неповолно мислење.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Факултет за драмски уметности - Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2020 година констатирани се следните состојби:

- не е воспоставен систем на внатрешни контроли (ex-ante и ex-post контроли) во процесот плаќање преку донесување на пишани процедури за текот на движење на документацијата со утврдени должности и одговорности на лицата вклучени во процесот за воспоставување на контроли, преземање на финансиските обврски и водење на сметководството;
- неусогласеност на интерните акти за пресметка и исплата на плати;
- не се склучуваат нови договори за вработување за избраниот наставно – научен кадар при избор во повисоко звање;
- неусогласеност на податоците од сметководствената евиденција и бруто билансот со Билансот на состојба;
- нецелосно и неправилно спроведен попис на средствата, побарувањата и обврските со кои располага Факултетот и не евидентирана опрема;
- ненавремено и хронолошко евидентирање на примените фактури;

- не е утврдено правото на трајно користење на градежните објекти и земјиштето и
- утврдени слабости кај една спроведена постапка за јавна набавка.

За констатираните состојби ревизијата даде препораки со цел да се надминат утврдените состојби во наредниот период.

Во делот на нагласување на прашањата за неизвесност и континуитет истакнуваме за:

- состојбата и износот на главниот долг во постапка пред надлежен суд во која Факултетот се јавува во својство на тужена страна, што во идни периоди ќе има влијание врз билансните позиции;
- преземените мерки и активности за справување со новонастанатата состојба предизвикана од корона вирусот Ковид-19 преку носење на Одлуки за начинот на реализација на активностите и за рационализација на трошоците на факултетот;
- не воспоставената евиденција на основни податоци и надзор над работата на високообразовните установи.

Во делот за Останати прашања истакнуваме системска слабост која се однесува на не преземени активности од страна на Националниот совет во врска со донесување на Уредба за мерила и критериуми за финансирање на високото образование, што придонесува за различен начин на постапување и функционирање од страна на високо образовните установи, преку акти и одлуки кои тековно ги донесуваат.

Од страна на деканот на Факултетот за драмски уметности – Скопје, доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за сметката на основен буџет, кои во најголем дел претставуваат известување за активности кои се планира да се преземат во нареден период.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 19 до 21 заедно со ревизија на усогласеност на Факултет за драмски уметности - Скопје, на сметката на основен буџет (603), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2020 година, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа за 2021 година на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Факултетот за драмски уметности - Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Факултетот за драмски уметности - Скопје застапувано од:

- м-р Мими Таневска Србиновска, декан од 01.12.2019 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и

воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Заради прашањата опишани во точка 3.3. - Финансиски извештаи, ние не бевме во можност да добиеме достатен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 14.06.2021 до 30.09.2021 година кај Факултетот за драмски уметности - Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 22.10.2021 година.

На ден 10.01.2022 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Факултет за драмски уметности – Скопје на сметката на основен буџет (603) бр.16-161/9, од деканот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Факултет за драмски уметности – Скопје м-р Мими Таневска Србиновска, заведени во Државниот завод за ревизија под број 23-17/1 од 10.01.2022 година.
Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано дека во најголем дел дадените забелешки претставуваат известување за преземени мерки без доставени дополнителни докази и за активности кои се планира да се преземат во нареден период за надминување на констатираните состојби.

### 3.1. Внатрешни контроли

3.1.1. При оценка на системот на внатрешни контроли кај процесот на плаќање констатиравме дека финансиското управување и контрола на Факултетот не е воспоставено согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор поради следното:

- не е воспоставен систем на внатрешни контроли преку донесување на пишани процедури и постапки согласно член 7 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола со кои ќе бидат опфатени: текот на движење на документацијата за безготовинско и готовинско плаќање, пресметка и исплата на дополнителните надоместоци и воспоставување на ex-ante и ex-post контрола со утврдени должности и одговорности на лицата вклучени во процесот;
- во услови кога факултетот нема раководител на единицата за финансиски прашања не се воспоставени контроли на водење на сметководството кои треба да обезбедат правилно евидентирање на финансиските трансакции и преземање на финансиските обврски со потврдување на приемот и комплетноста на сметководствената документација согласно член 7 од ЗЈВФК и нејзино одобрување при исплата од две меѓусебно независни лица согласно член 16 од ЗЈВФК;
- не е воспоставена ex-post контрола, која треба да обезбеди финансиските трансакции, расходите или приходите да бидат проверени, откако трансакциите ќе бидат целосно завршени со цел намалување на ризикот од несакани последици и подобрување на процедурите или на ex-ante контролите, предвидено со член 21 од ЗЈВФК.

Отсуството на соодветни контроли создава ризик финансиските трансакции да не се темелат на соодветна сметководствена документација и да не се целосно, точно, прецизно и ажурно сметководствено евидентирани.

Препорака:
Одговорното лице на Факултетот да преземе мерки и активности за обезбедување на соодветен систем на финансиски менаџмент и контрола преку донесување на процедури и постапки во финансиското работење и воспоставување на ех-анте и ex-post контрола преку поделба на должностите за одобрување, извршување и сметководствено евидентирање.

## 3.2. Усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Врз основа на мерилата и критериумите утврдени со член 16 од Одлуката за утврдување на плати и надоместоци на вработените на ФДУ[1] донесена согласно член 19 од Правилникот за единствени основи за плата на ниво на УКИМ[2], пред почетокот на учебната година, односно пред почетокот на семестарот, деканот

[1] Донесена од страна на Наставно - научниот совет -Универзитетски гласник бр.228 од 25.09.2012 година
[2] Универзитетски гласник бр.161 од 29.10.2010 година

донесува решение за износот на бодовите за исплата на плата а на крајот на семестарот наставникот треба да поднесе Извештај за извршена работа. Исто така, со член 9, 10 и 11 од Одлуката се уредени мерилата и критериумите за остварување на основна плата, односно утврдениот број на бодови за плата, се однесува првенствено на активностите во првиот циклус на студии, а по потреба за да се оствари нормата, и од вториот циклус на студии, а доколку и на ваков начин не се оствари потребниот обем, платата му се утврдува за извршени дополнителни работи и задачи кои не спаѓаат во редовните работни обврски. Основната плата на вработените во Стручната и административна служба се однесува на извршувањето на работните задачи утврдени со Правилникот за систематизација на работните места на УКИМ – Факултет за драмски уметности[3], со полно работно време и со нормален учинок на работникот.

Со извршената ревизија на точноста на начинот на пресметка на платата се констатира следното:

- Пред почетокот на учебната година, односно пред почетокот на семестарот, Наставно – научниот совет на Факултетот за драмски уметности, донел распоред за работа на наставниците и соработниците, за прв циклус на студии, но истиот не дава информација за вкупниот број на планирани часови за предавања и вежби на кој начин би се потврдиле планираните норми на часови по наставник, соработник и корепетитор. Исто така, не е презентиран доказ дека наставниците, соработниците и корепетиторите поднесуваат извештај за извршената работа, по завршен семестар како потврда за реализација на планираните норми предвидени со првиот циклус на студии.
- Со увид во поединечните пресметки на плата за 2020 година утврдивме дека пресметката на плата се врши врз основа на бодови и вредности кои не се предвидени со интерните акти на факултетот, односно непостои поврзаност на пропишаните критериуми за пресметка на плата и исплатите кои би требало да произлегуваат од истите. Во текот на 2020 година важечки акти за пресметката и исплатата на платите се Одлуката за утврдување на платите и надоместоците на УКИМ – ФДУ[4] и известување на МОН[5]. Наведените акти предвидуваат различни параметри како основа за пресметка на платата што доведува до несигурност и двојни критериуми при регулирањето на предметната материја. Дополнително согласно известувањето доставено од МОН кое претставува основа за формирање на масата на средства за исплата на плата финансирана од Буџетот на РСМ за определена група на вработени (стручно административната служба и помошно-техничкиот персонал) без оглед на работните места (звања) на кои се распоредени исплатата на плата се врши по

[3] Универзитетски гласник бр.335 од 18.05.2016 година
[4] Универзитетски гласник бр. 228 од 25.09.2012 година.
[5] Бр.14-1187/8 од 29.01.2019 година.

бодови и вредности определени согласно степенот на образование (средно, вишо, високо). Наведеното укажува дека не е извршено групирање на работните места согласно сложеноста на работните обврските односно во зависност од видот, обемот, сложеноста на работата и одговорноста на работникот предвидено во член 10 од Правилникот[6].

- Со извршениот увид во Правилникот за систематизација на работните места на Факултетот ревизијата констатира дека со наведената одлука не се утврдени бодови за основна плата за 14 систематизирани работни места, што не е во согласност со член 7 од Одлуката, поради не извршено усогласување на одлуката со Правилникот за систематизација на работните места донесен во 2016 година.
- Со извршениот увид во персоналните досие на вработените ревизијата констатира дека кај дел од нив недостасуваат договори за вработување како и решенија за распоредување и исплата на плата како извор на информации за работните места на кои тие се распоредени, правата и обврските кои произлегуваат од истите и основите коефициенти и вредност како основа за исплата на бруто платата.

Ваквата состојба има влијание на точноста на пресметката на основната плата и функционалните додатоци и на реалноста и објективноста на искажаните расходи во деловните книги и финансиските извештаи.

Од месец мај 2021 година на сила стапува Колективниот договор за високото образование[7] со кој се уредува основа за исплата на плата, додатоци и надоместоци на плата на вработените во областа на високото образование. Факултетот на 01.10.2021 година донел Одлука[8] со која се прифаќа Колективниот договор и се предвидува обврска за усогласување на одредбите за плата преку донесување на нова Одлука за плати, надоместоци и додатоци на плати и изготвување нови решенија согласно истата.

Препорака

Одговорното лице на субјектот да ги изврши потребните промени во системот за пресметка на плата и интерните акти во насока на нивно усогласување со Колективниот договор за високото образование, а при пресметката и исплатата на плата да се применува начинот, условите и критериумите, утврдени со интерните акти за плати и надоместоци на ФДУ.

---

[6] Правилникот за единствени основи за плата на ниво на УКИМ.
[7] Службен весник на РСМ бр. 102 од 07.05.2021 година.
[8] Одлука за усогласување на основните бруто плати на вработените на Факултетот за драмски уметности во Скопје, со Колективниот договор за високо образование и наука бр.0202-531/4 од 01.10.2021 година.

3.2.2.Постапката за избор во звања, односно засновање на работниот однос и роковите за кои се врши избор на наставно научен кадар е уредена со одредбите на Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања.[9] Постапката за избор во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање завршува со засновање на работен однос со полно работно време меѓу избраното лице и високообразовната установа за времето за кое е избрано лицето, со што истите остваруваат права и обврски од работен однос. Доцентот и вонредниот професор на Факултет се избираат за време од пет години, додека редовниот професор со изборот заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето редовен професор доживотно.

Со извршениот увид во персоналните досиеја ревизијата констатира дека Факултетот, како единица во состав на УКИМ, не склучува нови договори за вработување по завршување на постапката за избор во звање, односно со избраниот наставно - научен кадар се склучува договор само кога првпат е избран во одредено звање, но не и при избор во повисоко звање. Наведеното не е во согласност со член 13 од Законот за работни односи и член 174 став 1 од Закон за високото образование што влијае на регулирање на правата и обврските на вработениот согласно извршениот избор во повисоко звање.

Препорака

Одговорното лице на Факултетот да преземе мерки и активности за склучување на договори за вработување по завршување на постапката и извршениот избор во повисоко звање.

### 3.3. Финансиски извештаи

3.3.1. Со извршениот увид во водењето на сметководството, деловните книги, сметководствените документи и обработката на податоците, проценувањето на билансните позиции, финансиските извештаи на Факултетот и доставувањето и финансиските извештаи ревизијата констатира:

- неусогласеност помеѓу финансискиот извештај – Биланс на состојба и бруто билансот кои што се повеќе прикажани во износ од 5.617 илјади денари која се должи на невоспоставена евиденција на средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата во софтверот за сметководствена евиденција во текот на 2020 година. Имено поради заминување во пензија на сметководителот од страна на правното лице ангажирано за водење на сметководствената

[9] Универзитетски гласник бр.411 од 05.11.2018 година.

евиденција во софтверот за сметководствена евиденција нема извршено пренос на состојбите од рачната евиденција која претходно е користена како и тековно евидентирање на промените во билансот на состојба. Во табеларниот преглед составен дел на извештајот (Прилог бр.1), прикажани се разликите по позиции кои не се евидентирани во сметководствената евиденција/бруто билансот, а презентирани во финансискиот извештај – Биланс на состојба ден 31 декември 2020 година. Утврдените состојби не е во согласност со член 8, 9 и член 22 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 2, 7, 8 и 24 од Правилникот за единствена организација на сметководствениот систем и заеднички сметководствени политики на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје со кои се уредува начинот на водење на деловните кбиги и составување на основниот финансиски извештај – Биланс на состојба кој мора да даде точен, вистинит и целосен преглед на состојбата на средствата, обврските и изворите на средствата. Согласно со член 14 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници е овозможено водењето на сметководство да биде доверено на овластена стручна организација но не ја намалува одговорноста на одговорните лица на Факултетот за целокупното сметководство;

- за сметката на основен буџет не е изготвен финансиски план по квартали, сметки, програми, потпрограми и ставки, што не е во согласност со член 6 од Законот за извршување на буџетот на РСМ;
- годишната сметка на Факултетот не е доставена до Државниот завод за ревизија, што не е во согласност со член 29 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Заради нецелосно воспоставена сметководствена евиденција која е основ за изготвување на финансискиот извештај не може да се потврди дека сите трансакции се искажани во Билансот на состојба под 31.12.2020 година со што не е обезбедено вистинито и веродостојно информирање за состојбата и за движењата на средствата, обврските, изворите на средствата. Истовремено оваа состојба укажува и на необезбеден систем на редовна внатрешна сметководствена контрола што влијае на реалноста и објективноста на искажаните позиции во деловните книги и финансиските извештаи.

### Препорака

Одговорните лица во Факултетот да преземат активности за:

- воспоставување на навремена, хронолошка и целосна сметководствена евиденција во деловните книги врз основа на кои ќе се состави основниот финансиски извештај - Биланс на состојба и прикаже состојбата на средствата, обврските и изворите на средствата на ден 31 декември;

- да се изготвува финансиски план по квартали, сметки, програми, потпрограми и ставки за сите сметки со кои располага Факултетот;
- годишната сметка да се достава до сите надлежни органи како што е предвидено со законската регулатива.

3.3.2. Со извршениот увид во Извештајот од извршениот попис и пописниот материјал ревизијата ги констатира следниве состојби:

- не е донесена процедура за начинот и постапката на вршење на пописот на средствата, побарувањата и обврските со кои располага Факултетот и нивно усогласување со сметководствената евиденција, во рок и на начин како што е предвидено со законските и подзаконските акти;
- пописни листи се нецелосни и истите содржат податоци само за количината на постојаните средства, без да се внесат поединечните вредносни показатели за секое средство и не се потпишани од страна на членовите на пописната комисија;
- пописната комисија составила пописна листа во која е наведена опремата и инвентарот кои се предлагаат за отпис, но одговорното лице не донело акт за начинот на постапување со средствата и преземање на мерки за задолжување за настанатите оштетувања на опремата, односно отпочнување на постапка за отуѓување на расходувани материјални средства;
- постојаните средства не се обележани со инвентарни броеви и за истите не се води материјална евиденција поради што и пописот на истите е отежнат;
- не е извршен попис на нематеријалните средства кои ги користи Факултетот и за истите не постојат податоци во деловните книги;
- од периодот од кога е формиран ФДУ не е извршен попис на книги во библиотека сопственост на Факултетот, што е законска обврска да се врши на секои 5 години;
- на дел од опремата не е пресметана амортизација и ревалоризација за тековната година;
- градежен објект во вредност од 29.503 илјади денари кој е презентиран во финансискиот извештај – Биланс на состојба стекнат по Решение бр. 12-4181/2 од 20.10.1995 година од МОН со кое објектот/бараката се дава на користење на Факултетот. По извршен увид во имотниот лист правото на сопственост на објектот/бараката кај Агенцијата за катастар на недвижности е запишан Универзитетот Св. Кирил и Методиј – Скопје но не е прибележано правото на користење на име на Факултетот. Факултетот за наведените недвижни ствари - објект и земјиште нема преземено активности за иницирање постапка пред Владата на РСМ за донесување акт за доделување на право за трајно користење и нивно запишување во катастарот на недвижности.

Утврдената состојба не е во согласност со член 21 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, со членовите 29 до 35 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и членовите 30 до 34 од Правилникот за единствена организација на сметководствениот систем и заеднички сметководствени политики на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и има влијание врз реалното и објективно прикажување на одредени позициите од Билансот на состојба на ден 31 декември 2020 година.

Препорака

Одговорното лице на Факултетот да преземе мерки и активности за:

- донесување на интерен акт/процедура за начинот на вршење попис на средства, побарувањата и обрските;
- пописната комисија при вршењето попис да изврши попис на сите средства и обврските со кои располага Факултетот, да обезбеди внес на потребните податоци во пописните листи искажани во вредносни показатели и потпишување од страна на членовите на комисијата, да врши усогласување на сметководствената со фактичката состојба, како и донесување на детален извештај од извршениот попис во законски утврдените рокови;
- да се воведе материјална евиденција за постојаните средства со кои располага Факултетот и нивно означување со инвентарен број;
- да се врши попис на книгите во библиотека на секои 5 години;
- отпочнување на постапка давање на трајно користење на недвижни ствари - објект и земјиште на кој се наоѓа Факултетот и упис во катастар на недвижности.

3.3.3. Во Билнасот на состојба не се евидентирани средства во вкупен износ од 47.630 илјади денари кои се однесуваат на:

- компјутерска опрема и лабораторија за дигитална аудиовизуелна продукција и постпродукција која без надомест е дадена на трајно користење на Факултетот согласно Договор за користење на движни ствари без надоместок [10] склучен помеѓу Факултетот и МОН во вкупен износ од во износ од 47.234 илјади денари;
- опрема за осовременување на библиотеката на Факултетот (хардверско серверска подршка) во износ од 120 илјади денари;
- два клима уреди во вредност од 90 илјади денари и
- опрема и техника за академска сцена во износ 186 илјади денари.

Ваквата состојба не е во согласност со член од 19 до 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 5 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници што има за ефект нереално и необјективно проценување на позициите во Билансот на состојба, на ден 31.12.2020 година.

[10] бр.03-9/1 од 08.01.2014 година

Во текот на ревизијата одговорните лица на Факултетот доставија Барање бр.09-614/1 од 27.10.2021 година до МОН за обезбедување на податоци за поединечните цени на секоја движна ствар одделно - компјутерска опрема и лабораторија за дигитална аудиовизуелна продукција и постпродукција стекната по Договор бр. 03-9/1 од 08.01.2014.

Препорака
Одговорното лице по обезбедување на податоци за поединечните цени на секоја движна ствар да преземе мерки и активности за евидентирање на набавените материјални и нематеријални средства на соодветните билансни позиции во Билансот на состојбата и за секое поединечно средство да изврши пресметка на амортизација и ревалоризација со денот на ставање во употреба на истите.

3.3.4.Сметководствените документи (влезните фактури) не се книжат навремено и по хронолошки редослед во моментот на примање на фактурата, преку евидентирање на соодветните сметки (Активни временски разграничувања и Обврски спрема добавувачите), туку истите се евидентираат како расход, во моментот на плаќање. Ваквата состојба не е во согласност со член 7 и 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект неажурни и ненавремени сметководствени податоци, како и нереално прикажување на состојбата на обврските во финансиските извештаи на Факултетот.

Препорака
Одговорното лице на Факултетот да обезбеди лицата задолжени во сметководството да воспостават евидентирање на фактурите во моментот на прием и комплетирање на истите и искажување на обврските во деловните книги.

## 3.4. Користење на средствата согласно законски прописи

3.4.1. Извршивме ревизија на процесот на планирање на јавните набавки, подготвувањето на тендерската документација и доделување на договори за јавни набавки. Факултетот во текот на 2020 година има реализирано вкупно 6 постапки за јавни набавки со проценета вредност од 2.316 илјади денари и вкупна реализација по истите во износ од 2.183 илјади денари. Во текот на 2020 година реализирани се и плаќања по 3 спроведени постапки за ЈН од 2019 година со проценета вредност од 706 илјади денари за кои во 2020 година се извршени плаќања во вкупен износ од 414 илјади денари. Притоа предмет на ревизија беа вкупно 5 постапки за ЈН со вкупна проценета вредност од 2.591 илјади денари и вкупна реализација во износ од 2.299 илјади денари што претставува 88% од спроведените постапки кои имаат реализација во 2020 година.

Со извршената ревизија на спроведената поедноставена отворена постапка за јавна набавка на градежно занаетчиски работи за санација, реконструкција и адаптација на влезови за непречен пристап и движење на лица со посебни потреби и санитарии на Факултетот[11] како и реализација на договорот за јавна набавка на 13.10.2020 година во износ од 1.653 илјади денари ги констатиравме следните состојби:

- не е потпишан записникот за примопредавање, што не е во согласност со член 37 од договорот за набавка со што е оневозможено потврдување на квалитетот на извршените работи, отстранување на евентуални недостатоци и истото создава ризик од дополнителни расходи на Факултетот во случај на нецелосно извршени работи;
- изведувачот не дал писмена гаранција дека изведените работи во време на примопредавањето се во согласност со договорот, прописите и правилата на струката што не е во согласност со член 47 од договорот за набавка;
- по извршен увид во завршната ситуација ревизијата утврди пречекорување на одредени позиции (по количина) во споредба со предвидените со техничката документација. Ваквата состојба не е во согласност со член 5 и член 7 од Законот за јавните набавки и член 24 од Договорот за набавка каде е наведено дека изведувачот нема право да ја менува проектната документација.

Начинот на кој е спроведена постапката создава ризик од несоодветна примена на одредбите од Законот за јавни набавки, квалитетно извршување на работите и несоодветно користење на средствата.

Препорака
Одговорните лица на Факултетот да преземат активности за доследно почитување на одредбите во склучените договори за јавни набавки.

### Основ за изразување на мислење

Вкупниот ефект од изнесените наоди во точките 3.2. и 3.4., кои се основ за изразување мислење за усогласеност на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива се:

- неусогласеност на интерните акти за пресметка и исплата на плата;
- не склучени нови договори за избраниот наставно-научен кадар при изборот во повисоко звање и
- непочитување на одредбите на Законот за јавни набавки,

[11] Постапка бр. 13280/20 од 10.09.2020 година

Заради прашањата опишани во точка 3.3. - Финансиски извештаи, ние не бевме во можност да добиеме достатен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на Факултетот за драмски уметности на сметката на основен буџет (603) за 2020 година.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата објаснети во точките 3.3., ние не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази како основа за мислење за ревизија. Следствено ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Факултет за драмски уметности - Скопје кои беа предмет на ревизија.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.2. и 3.4., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Факултет за драмски уметности - Скопје, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

5.1. Обрнуваме внимание дека Факултетот има судски спор чие решавање зависи од идни настани кои можат да влијаат врз финансиските извештаи и тоа по поведена постапка пред надлежен суд. Имено, Факултетот е тужена страна за износ од 185 илјади денари од страна на вработен поради исплатена нето плата, придонеси од плата и персонален данок на доход во помал износ за периодот од 01.01.2017 година до 31.01.2020 година.
Поради тоа што станува збор за судска постапка пред надлежните судови, постои неизвесност од дополнително оптоварување на проценетиот износ со камати и судски трошоци што може да влијае врз работењето на Факултетот во иднина.

5.2. Појавата на пандемијата предизвикана од корона вирусот COVID-19 и зголемениот број на заболени предизвика значителни нарушувања во функционирањето и реализирањето на дејностите на Факултетот. За поуспешно

справување со новонастанатата состојба Факултетот донел Одлука[12] за начинот на реализација на дејностите за време на вонредна состојба согласно со мерките на надлежните органи во РСМ. Со цел да се спречи внесување и ширење на корона вирусот COVID-19 предавањата на Факултетот се одвиваат со примена на средства за електронска комуникација, во зависност од природата на наставните содржини и од техничките можности., додека вработените во Стручната и административна служба биле организирани со работа од дома. Работните задачи кои не можеле да ги извршуваат од дома ги извршувале со доаѓање на работа почитувајќи ги мерките за заштита.

Во насока на справување со пандемијата предизвикана од вирусот COVID-19, Деканот на Факултетот донел и Одлука[13] за рационализација на трошоците на Факултетот со која преземени се мерки за раскинување на договори со цел намалување на трошоците, исто така постапено е и по Уредбата[14] за исплата на паричен надомест за лица ангажирани со договор на дело за време на вонредна состојба, односно извршено е намалување на висината на надоместоците на лицата ангажирани по договор на дело.

Во текот на 2020 година на подарок добиени се средства за дезинфекција на просториите кои се користат за настава и за движење на студентите помеѓу часовите (училници, сцена, гардероби, кабинети итн).

5.3. Согласно член 201 од Законот за високо образование и Правилникот[15] за водење на евиденции за високото образование, високообразовните установи се должни да водат евиденции за високото образование преку внесување податоци во Базата на податоци која се води електронски во МОН. Високообразовните установи се должни во базата да внесуваат податоци за: високообразовната установа, технички карактер за вршење на дејноста, студиските програми кои се реализираат во високообразовната установа, програми за стручно и професионално усовршување кои се реализираат на високообразовната установа, вработениот наставно-научен, наставно-стручен, научен, наставен и соработнички кадар и лица избрани во наставно звање во високообразовната установа, почесен професор, почесен доктор на науки, професор емеритус и стручњак од практика, стручната и административната служба и помошно-техничкиот кадар, податоци за студентите, научно-истражувачката, апликативната и издавачка дејност, финансии и

[12] Универзитетски гласник бр.508 од 06.05.2020 година.
[13] Одлука бр.0201-233/4 од 27.03.2020 година.
[14] Уредба бр. 44-2875/1 од 14.04.2020 година со законска сила за исплата на паричен надомест на лица ангажирани со договор за дело во органите на државната власт, регулаторните тела, агенциите, државните комисии, правните лица во целосна сопственост на државата, единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје и правните лица основани од единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје за време на вонредна состојба.
[15] Службен весник бр.102 од 01.06.2018 година

меѓународната соработка. Одговорните лица на Факултетот немаат преземено активности за назначување на администратор од редот на вработените кој ќе биде надлежен за внесување на податоците во базата. До денот на вршење на ревизијата одговорните лица на МОН немаат доставено известување до високообразовната установа да назначат администратор и да се започне со внесување на основните податоци, имајќи во предвид дека правилникот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен весник на РСМ.
Не воспоставената евиденција доведува до отсуство на основни податоци и надзор над работата на високообразовната установа од страна на МОН, имајќи го во предвид фактот дека Факултетот се соочува со недостаток на наставно стручен кадар (асистенти) и вработени во Одделението за правни и општи работи и за финансово, сметководствено и материјално работење.

## 6. Останати прашања

6.1. Заради обезбедување, оценување, развој и унапредување на квалитетот во високото образование и научно-истражувачката дејност, согласно Законот за високото образование пропишано е формирање на Национален совет за високо образование и научно-истражувачка дејност како самостоен стручен орган, во чиј состав има 15 члена кои ги избира Собранието на РСМ. Во членот 43 од Законот за високото образование детално се утврдени надлежностите на Националниот совет, кои се однесуваат на следење на развојот на високото образование, изготвување, предлагање и донесување на правилници, уредби и програми од интерес на високообразовните институции. Националниот совет, согласно Законот за високото образование од месец мај 2018 година, требало да се формира во рок од една година од денот на влегување во сила на Законот, 16.05.2018 година, а донесувањето на актите предвидени со Законот требало да биде најдоцна во рок од шест месеци од денот на неговото формирање. Со Одлука[16] бр. 08-2046/1 од 21.04.2021 година од страна на Собранието извршен е избор на членови на Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност меѓутоа до денот на вршење на ревизијата членовите на Советот немаат преземено активности кои се предвидени со член 43 став 2 од Законот за високото образование.
Имајќи предвид дека Национален совет секоја буџетска година, најдоцна до 15 мај, согласно со Уредбата за мерила и критериуми за финансирање на високото образование, на министерот надлежен за работите на високото образование му предлага износ на средства за финансирање на универзитетите и самостојните високи стручни школи за наредната буџетска година од Буџетот на РСМ, а истиот сеуште не е формиран и не е донесена Уредба, голем дел од работите и актите кои

[16] Одлука бр. 08-2046/1 од 21.04.2021 година објавена во Службен весник на РСМ бр.88 од 22.04.2021 година.

се во надлежност на Националниот совет за кои ова стручно тело треба да даде мислења, предлози, да утврди или да донесе соодветни норми за кои Владата на РСМ или Министерството за образование и наука даваат согласност, не се донесени, што придонесува за различен начин на постапување во однос на донесување акти и одлуки од страна на високообразовните институции.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2020 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 25.932 | 21.407 |
| **Вкупно приходи** | | **25.932** | **21.407** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 22.553 | 19.568 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 1.488 | 1.710 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 116 | 129 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **24.157** | **21.407** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 1.775 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1.775** | **0** |
| Вкупно расходи | | 25.932 | 21.407 |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 2.365 | 1.988 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2.365** | **1.988** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 3.252 | 2.594 |
| **Вкупно постојани средства** | | **3.252** | **2.594** |
| **Вкупна актива** | | **5.617** | **4.582** |
| Пасива | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 453 | 276 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 1.912 | 1.712 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **2.365** | **1.988** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 3.252 | 2.594 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **3.252** | **2.594** |
| **Вкупна пасива** | | **5.617** | **4.582** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2020 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| Состојба 01.01.2020 година | 2.594 | 2.594 |
| Зголемување по основ на: | 1.791 | 1.791 |
| Набавки | 1.775 | 1.775 |
| Ревалоризација на капитални средства | 16 | 16 |
| Намалување по основ на: | 1.133 | 1.133 |
| Амортизација | 1.133 | 1.133 |
| Состојба 31.12.2020 година | 3.252 | 3.252 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / Pranuar më: 10.01.2022
Орг. Един. / Nj. org. | Број: / Nr. 23-17/1 | Прилог / Shtojcë: | Вредност / Vlera:

УНИВЕРЗИТЕТ "Св. КИРИЛ и МЕТОДИЈ"- СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ
FACULTY OF DRAMATIC ARTS - SKOPJE

1000 Скопје, п.фах 134; Руѓер Бошковиќ бр. 22, Р.Северна Македонија; тел: +389 2 306 11 88; факс: +389 2 306 12 56; е-маил: fdu@ukim.edu.mk
1000 Skopje, p.fah 134; Rugjer Boskovic 22, Republic of North Macedonia; tel: +389 2 +306 11 88; fax: +389 2 306 12 56; e-mail: fdu@ukim.edu.mk

Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ
Бр. 03-314/4
30-12 2021 год.
СКОПЈЕ

**До Државен завод за ревизија**

**ПРЕДМЕТ: доставување забелешки на нацрт извештајот бр. 16-161/9 од 25.11.2021 година , заведен под наш број 03-314/2.од 02.12.2021 година.**

**Почитувани,**

На почетокот сакаме да изразиме голема благодарност во сериозниот пристап во вршењето на ревизијата и за конструктивните забелешки изнесени во Нацрт извештајот.

Во врска со доставениот нацрт извештај бр. 16-161/9 од 25.11.2021 година.сакаме да се осврнеме на некои наводи и констатации, кои според нас би требало да се дообјаснат заради добивање на подетална слика за определени забелешки во насока на квалитетен извештај и препораки.

**СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ -603**

1. Од страна на овластените државни ревизори е утврдена фактичка состојба за непостоење на систем за внатрени контроли во процесот на на плаќање преку донесување на пишани процедури за текот на движење на документацијата со утврдени должности и одговорности на лицата вклучени во процесот на воспоставување на контроли, преземање на финансиски обврси и водење сметководтсво.

Би сакале да појасниме дека сето ова произлегува од фактот што на Факултетот нема доволно административно стручен кадар , како што е Раководител на одделението за финансово работење кадар, како би можело да се воспостави квалитетен финансиски менаџмент.

Сепак, и покрај ова, Факултетот ќе постапи по препораките на Државниот завод за ревизија и ќе ги преземе сите неопходни мерки за отстранување на недостатоците преку поделба на должностите за одобрување, извршување и сметководстсвено евидентирање и тоа со кадарот со кој располага.

2. Во однос на исплатата на платата на вработените, би сакале да појасниме дека се до донесувањето на Колективниот договор за високото образование, во мај годинава,

кога конечно се воспоставени критериуми за исплата на плата согласно видот на работното место, досега од страна на Министерството за образование, надоместокот за бруто плата на вработените беше определен исклучиво според степенот на образование, па за новите вработувања кои се реализирани според Систематизацијата за работни места на Факултетот , а истите не се определени во Правилникот за исплата на плати и надоместоци на Факултетот, им е определувана плата согласно висината на надоместокот што бил определен од страна на МОН.

По донесувањето на Колективниот договор, во тек е изработка на нов Правилник за распределба на платите и надоместоците за вработените на Факултетот, целосно усогласен со критериумите наведени во Колективниот договор.

3. Во однос на склучување на договори при секој избор во напредно звање, Факултетот склучува договор за вработување со лицата избрани во наставно научно звање во моментот кога прв пат засноваат работен однос. Изборот во наставно научно звање го врши Наставно научниот и уметнички совет на Факултетот и за истото се донесува одлука. Оваа одлука се проследува до надлежните инситуции за натамошна процедура. Доколку при секој избор би се склучувале нови договори за вработување, тоа би значело дека треба да се врши одјава и пријава во Агенцијата за вработување, а секое ново пријавување значи да има обезбедена согласност за вработување од Министерството за финансии. Имајќи предвид дека ваквите согласности од Министерството за финансии тешко се добиваат, постои опасност на наставникот да му престане работниот однос иако е избран во напредно звање.

   Сепак ние ќе постапиме по препораките на Државниот завод за ревизија и ќе изработуваме договори кои ќе бидат за интерна употреба и ќе бидат составен дел од досието на наставникот.

4. Во однос на останатите забелешки од финансовото работење би сакале само да појасниме дека целосното финансово работење на Факулеттот се врши без електронски софтвер за овој дел од работењето. И во оваа насока, ќе бидат преземени сите мерки за набавка на софтвер за сметководство, и со ова ќе бидат отстранети и останатите забелешки од страна на овластените државни ревизори во однос на пописот и останатото финансово работење.

   Исто така ќе бидат преземени сите активности согласно препораките на ДЗР во однос на пописот и останатите забелешки од обласста на јавните набавки.

5. Во врска со назначување администратор за внесување податоци во базата на Министерството за образование и наука на РСМ согласно Правилникот за водење евиденции за високото образование ( Сл.весник на РСМ 102/2018) сеуште немаме добиено никакво известување од страна на МОН за каква електронска база се работи ниту за начинот на кој се пристапува кон истата.

**СМЕТКА НА БУЏЕТ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ – 788**

Факултетот за Драмски уметности во Скопје ќе пристапи кон сите препораки на овластените државни ревизори во однос на забелешките за определени делови од работењето на Фаултетот, а дел од нив се поклопуваат со забелешките од нацрт извештајот за сметката 603, како и со појаснувањата на истите дадени од наша страна

Со почит

**ДЕКАН**

**Проф. м-р Мими Таневска Србиновска**

Скопје, 30.12.2021 година